Врз основа на член 37, став (1), член 40, став (3) од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 263/23,170/24 и 132/25) и Одлука за распишување јавен повик бр.02-9487/1 од 14.07.2025 година, Комисја за спроведување на постапката за доделување на дивечот во ловиштата на користење, формирана со Решение за формирање бр. 50-9255/1 од 09.07.2025 година, објавува

## ЈАВЕН ПОВИК Бр.01/25

## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДИВЕЧОТ ВО ЛОВИШТАТА НА КОРИСТЕЊЕ ВО ЛОВНИТЕ РЕОНИ ПРИЛЕП, КРИВА ПАЛАНКА, ПРОБИШТИП, МАКЕДОНСКИ БРОД, ГОСТИВАР, ТЕТОВО И НЕГОТИНО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 50-9516/1
15.07. 2025 год.-viti/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

1. Адреса и место за доставување на понуди:
   Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   ул. „Ленинова“ бр.2,
   1000 Скопје, Република Северна Македонија,
   тел: +389 (0)2 313 44 77, www.mzsv.gov.mk

2. Предмет на овој јавен повик е доделување на дивечот во ловиштата на користење кои се востановени со Одлуката за востановување на ловишта на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.260/24) и тоа:

| Реден број | Ловиште број | Име на ловиштето | Времетраење на користење (во години) | Проценета вредност на недвижните ствари |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Пелагониско ловностопанско подрачје** | | | | |
| **Ловен реон Прилеп** | | | | |
| 1 | 5 | „Мелница“ | 20 | Нема доставено |
| 2 | 6 | „Крушевица“ | 20 | Нема доставено |
| 3 | 7 | „Вепрчани“ | 20 | Нема доставено |
| 4 | 8 | „Дуње“ | 20 | Нема доставено |
| 5 | 9 | „Прилепец“ | 20 | Нема доставено |
| 6 | 10 | „Подмол“ | 20 | Нема доставено |
| 7 | 11 | „Ерековци“ | 20 | Нема доставено |
| 8 | 12 | „Тополчани“ | 20 | Нема доставено |
| 9 | 13 | „Галичани“ | 20 | Нема доставено |


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | 14 | „Средорек“ | 20 | Нема доставено |
| 11 | 15 | „Рилево“ | 20 | Нема доставено |
| 12 | 16 | „Долнени“ | 20 | Нема доставено |
| 13 | 17 | „Славеј“ | 20 | Нема доставено |
| 14 | 18 | „Дабница“ | 20 | Нема доставено |
| 15 | 19 | „Тројаци“ | 20 | Нема доставено |
| **Криворечко ловностопанско подрачје** | | | | |
| **Ловен реон Крива Паланка** | | | | |
| 16 | 6 | „Градец“ | 20 | 1.620.033,00 |
| 17 | 7 | „Петралица“ | 20 | 1.023.975,00 |
| 18 | 8 | „Отошница“ | 20 | 5.306.712,00 |
| **Брегалничко ловностопанско подрачје** | | | | |
| **Ловен реон Пробиштип** | | | | |
| 19 | 2 | „Добрево“ | 20 | Нема доставено |
| 20 | 3 | „Дренок“ | 20 | 2.162.035,00 |
| 21 | 4 | „Гајранци“ | 20 | 1.883.000,00 |
| **Кичевско- бродско ловностопанско подрачје** | | | | |
| **Ловен реон Македонски Брод** | | | | |
| 22 | 8 | „Вир“ | 20 | Нема доставено |
| 23 | 9 | „Рамне“ | 20 | Нема доставено |
| **Полошко ловностопанско подрачје** | | | | |
| **Ловен реон Гостивар** | | | | |
| 24 | 5 | „Врапчиште“ | 20 | Нема доставено |
| **Ловен реон Тетово** | | | | |
| 25 | 6 | „Милетино“ | 20 | Нема доставено |
| 26 | 7 | „Жеровјане“ | 20 | Нема доставено |
| 27 | 8 | „Групчин“ | 20 | Нема доставено |
| 28 | 9 | „Требош“ | 20 | Нема доставено |
| 29 | 10 | „Јанчиште“ | 20 | Нема доставено |
| 30 | 11 | „Ораше“ | 20 | Нема доставено |
| 31 | 12 | „Раотинце“ | 20 | Нема доставено |
| **Долновардарско ловностопанско подрачје** | | | | |
| **Ловен реон  Неготино** | | | | |
| 32 | 3 | „Корешница“ | 20 | Нема доставено |
| 33 | 4 | „Бесвица“ | 20 | Нема доставено |

3. Користењето на дивечот во ловиштата, предмет на овој јавен повик, ќе се доделува за секое ловиште посебно.

4. Основна цел на доделувањето на дивечот во ловиштата на користење е планско


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

стопанисување односно одгледување, заштита и користење на дивечот во ловиштата.

5. Дивечот во ловиштата се доделува на користење за период од 20 години.

6. Право на учество на јавниот повик имаат сите домашни и странски правни лица регистрирани за дејност лов и траперство или општа клаузула за бизнис со регистрирана подружница во Република Северна Македонија за лов, траперство и соодветни услужни дејности, согласно со Законот за трговските друштва, Законот за здруженија и фондации и национална класификација на дејности и кои подигнале тендерска документација.

7. Потребна документација за учество на јавниот повик и евалуација на способноста на понудувачите:

7.1. Тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

7.2. Документ за регистрирана дејност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

7.3. Уверение за платени даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки издадено од Управа за Јавни приходи на Република Северна Македонија;

7.4. Потврда дека над правното лицето не е отворена постапка за стечај издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

7.5. Потврда дека над правното лицето не е отворена постапка за ликвидација издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

7.6. Потврда дека на правното лице не е изречена прекршочна санкција трајна забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;

7.7. Потврда дека на правното лице не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

7.8. Потврда дека на правното лице не е изречена прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;

7.9. Изјава на понудувачот заверена на нотар дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари (АНЕКС 4 од тендерска документација);

7.10. Изјава на понудувачот (АНЕКС 5 од тендерска документација) заверена на нотар дека:

- ќе обезбеди материјално-технички можности за вршење на дејноста ловство, недвижен имот и движен имот (теренски возила, оружје за ловочуварска служба и средства за комуникација);
- изјава на понудувачот дека ќе вработи најмалку едно стручно лице со завршено високо образование VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС од областа на шумарските науки или со завршено средно образование од шумарска струка со положен испит по предметот ловство, односно зоологија и систематика на дивечот/ловно стопанство и


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

- ќе формира ловочуварска служба согласно на Законот за дивечот и ловството (*).

Само понудите од понудувачите кои се комплетни ќе бидат предмет на евалуација.

8. Целокупната понуда треба да биде на македонски јазик.
   - Документацијата не треба да биде постара од 6 месеци сметано од денот на објавувањето на Јавниот повик;
   - Документацијата поднесена од странски понудувачи, треба да биде преведена на македонски јазик од овластен судски преведувач и заверена на нотар;
   - Документација која се бара согласно тендерската документација, понудувачот треба да ја достави во оригинал или копија заверена од нотар;
   - Бараната документација која ја пополнува понудувачот се пишува со неизбришливо мастило (хемиско пенкало) со сина боја или се печати преку компјутерски печатар и ја потпишува и заверува овластено лице од страна на понудувачот;
   - Понудувачот може да поднесе понуда за едно или повеќе од едно ловиште за доделување на дивечот на користење, но не повеќе од една понуда за едно ловиште а понудата се доставува на начин и форма утврдени со тендерската документација;
   - Доколку понудувачот достави понуди за повеќе ловишта, сите понуди од еден ист понудувач задолжително треба да се доставaт во еден понуден пакет согласно на тендерската документација.

9. Проценетата вредност на недвижните ствари (кои се евидентирани во посебната ловностопанска основа) наведена во табелата за наведеното ловиште која новиот корисник на дивечот во ловиштето е должен да му ја исплати на стариот корисник/коцесионер на дивечот во ловиштето пред потпишување на договорот за користење на дивечот во ловиштето, во спротивно истото ќе претставува пречка за склучување на договорот.

10. Рок за подигнување на тендерската документација е најдоцна **до 18.08.2025 година, до 10:00 часот.** Тендерската документација се подигнува во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (ул.„Ленинова„ бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија) секој работен ден во периодот од 9:00 до 13:00 часот. Сите трошоци за подготовката и поднесувањето на понудата, паѓаат на товар на понудувачот.

11. Лицето кое ќе ја подигне тендерската документација мора да достави овластување од правното лице за кое подигнува документација, доказ за извршена уплата во оригинал и да ги достави сите потребни податоци со назив на правното лице, контакт (телефонски број, електронска пошта и адреса на правното лице) за кое се подигнува тендерската документација. Во спротивно лицето нема да може да ја подигне тендерската документација.

    За подигнување на Тендерска документација, заинтересираниот понудувач е должен да уплати неповратни средства во висина од 2.000,00 (две илјади) денари.

    Уплатата треба да се изврши во корист на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство:


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

| | |
|---|---|
| Назив и седиште на примачот: | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>Трезорска сметка |
| Банка на примачот: | НБРМ |
| Трансакциона сметка: | 100000000063095 |
| Износ: | 2.000,00 денари |
| Сметка на буџетски корисник: | 1400100280 631-19 |
| Приходна шифра и Програма: | 724164-20 |
| Цел на дознаката: | по јавен повик за користење на дивеч |

12. Краен рок за поднесување на понудите е најдоцна **до 18.08.2025 година, до 10:00 часот**. Ќе се разгледуваат само понудите доставени во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (ул.„Ленинова“ бр.2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија), до утврдениот рок.

13. Понудите се отвораат во присуство на членовите или замениците на членовите на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење и овластените претставници на понудувачите кои подигнале Тендерска документација. Присуството на јавното отварање се ограничува на по еден (1) претставник од секој понудувач. Овластениот претставник е должен да приложи Овластување за присуство на јавното отворање, издадено од заинтересираниот понудувач.

14. Понудата треба да го содржи следното:

- документите со кои се докажува способноста на понудувачот за исполнување на условите од јавниот повик и тендерската документација, наведени во точка 7 од овој јавен повик;
- финанскиско-инвестициска програма за развој и унапредување на дивечот и ловиштето со акциски план за првите три години од периодот на важноста на договорот за користење на дивечот во ловиштето;
- банкарска гаранција во висина од 10% од понудената финансиско-инвестициска програма за развој и унапредување на дивечот и ловиштето, со времетраење на гаранцијата од 13 месеци и
- Потпишан и парафиран* модел на договор (АНЕКС 6 од тендерската документација).

*Парафиран модел на договор значи дека секоја страна на договорот треба да биде потпишана и заверена со печат од одговорно лице во правното лице/овластено лице на правното лице (понудувачот). **Договорот не се пополнува.** Со парафирање на договорот, понудувачот во целост се согласува со одредбите предвидени во истиот.

Понудата/те се доставуваат на начин и во форма утврден и опишан во тендерската документација.

15. Во постапката на евалуација ќе бидат разгледувани само понудите кои се уредно поднесени и содржат комплетна и валидна документација пропишана во Тендерската документација.
16. Јавното отварање на понудите ќе се одржи на ден **18.08.2025 година, во 10:00 часот.**
17. Начин на отварање на понудите:
- Отворањето на понудите ќе биде јавно.
- Отворањето на понудите ќе се изврши на следната адреса:

**Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**ул."Ленинова" бр.2**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

- Доколку има измени во врска со местото на отворањето на понудите, понудувачите ќе бидат навремено известени.
- По јавното отварање, на посебна седница Комисијата ќе изврши евалуација на понудите.
- Од Квалификуваните понудувачи, по извршената евалуација, за најповолен понудувач на јавниот повик за доделување на дивечот во ловиштето на користење ќе се смета понудувач кој понудил највисок паричен износ во финанскиско-инвестициска програма за развој и унапредување на дивечот и ловиштето со акциски план за првите три години од периодот на времетраењето на договорот за користење на дивечот во ловиштето. Во случај на доставени две идентични понуди за најповолна ќе се смета прводоставената.
- По исклучок, предност при изборот за најповолен понудувач ќе има правното лице-понудувач кое било корисник (концесионер) на дивечот во ловиштето во претходниот ловностопански период, односно кое на предлог на Комисијата, до истата, со писмена изјава во рок од 15 дена го прифати износот на понудата како своја на понудувачот кој понудил највисок износ во финансиско-инвестициона програма за развој и унапредување на дивечот и ловиштето и приложи нова финансиско-инвестициона програма за развој и унапредување на дивечот и ловиштето (со износот на најповолниот понудувач) и акциски план за првите три години од периодот на времетраењето на договорот за користење на дивечот во ловиштето.

18. Критериум според кој ќе се врши изборот на најповолна понуда-на јавниот повик за доделување на дивечот во ловиштето на користење е понуден највисок паричен износ во финанскиско-инвестициска програма за развој и унапредување на дивечот и ловиштето со акциски план за првите три години од периодот на времетраењето на договорот за користење на дивечот во ловиштето.

19. Правата и обврските на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и избраниот понудувач – новиот корисник на дивечот во ловиштето се определени во Модел - Договорот за користење на дивечот во ловиштето (АНЕКС 6 од Тендерската документација). Корисникот на дивечот е должен планското стопанисување, односно одгледувањето, заштитата и користењето на дивечот да ги врши во согласност со важечките закони и прописи во Република Северна Македонија.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

20. За сите прашања поврзани со овој јавен повик заинтересираните кандидати можат да се обратат кај овластените лица за контакт:

Младен Колариќ тел: +389 (0)2 313 44 77 е-маил: mladen.kolarik@mzsv.gov.mk
Владо Ќулумоски тел: +389 (0)2 313 44 77 е-маил: vlado.kulumoski@mzsv.gov.mk

**Комисија за спроведување на постапката**
**за доделување на дивечот во ловиштата на користење**

**Претседател на комисија**
**Младен Колариќ**


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015